СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-2458/41
27.04.2021 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 55-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 27.04.2021 година

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 55-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

Да ве исчитаме за да утврдиме присуство .
РИСТО САКАЛИЕВ: Мирјана Гркова
МИРЈАНА ГРКОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Горица Пеливанова Вилхем
ГОРИЦА ПЕЛИВАНОВА ВИЛХЕМ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Виолета Димитрова
ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Василка Дрварова
ВАСИЛКА ДРВАРОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Весна Ѓорѓиева
ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Развигор Кабранов
РАЗВИГОР КАБРАНОВ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Митко Камчев
МИТКО КАМЧЕВ:Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: Анита Гинова Каракутова
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА : Тука
РИСТО САКАЛИЕВ :Душица Крстиќ
ДУШИЦА КРСТИЌ :Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Божанка Минова
БОЖАНКА МИНОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ :Тони Нешковски
ТОНИ НЕШКОВСКИ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ :Драганчо Николов
ДРАГАНЧО НИКОЛОВ :Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Петар Николов.
ПЕТАР НИКОЛОВ: Тука.
РИСТО САКАЛИЕВ: Ташо Радњански .
ТАШО РАДЊАНСКИ :Тука
РИСТО САКАЛИЕВ :Ристо Сакалиев тука.
Јосиф Стојанов
ЈОСИФ СТОЈАНОВ :Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Блаже Тасев
БЛАЖЕ ТАСЕВ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Никола Трендафилов овде и
Лазар Туриманџов .
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ :Тука .
На седницата присуствуваат 19 советници , отсутни нема .
Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од 54-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30. 03..2021 година.
Дали има забелешки по Записникот од 54-та Седница на Советот на Општина Кавадарци? Нема.
Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 54-та Седница на Советот на Општина Кавадарци?
Има ли против и воздржани колеги? Нема .
Констатирам дека е усвоен Записниколт од 54-та Седница на Советот на Општина Кавадарци со 19 гласа за .

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и записник од 14 –тата Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 12.04.2021 година.
Дали има забелешки по Записникот од 14-та Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 12.04.2021 година?
Дали има воздржани и против? Нема .

Констатирам дека е усвоен Записниколт од 14-та Вонредна Седница со 19 за .

Со Решението за свикување на денешната седница имаме добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година –Прв Квартал;
2. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година;

   Предлагачот ја повлече точка 3 и понатаму редоследно се менува бројот на точките
3. Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План УЕ7, дел од 7.1, Индустриска зона-Исток,КО Кавадарци вон град;
4. Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од блок 6.11, „Јасмин под стадион„ Кавадарци Општина Кавадарци – плански период 2020-2025;
5. Предлог- Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет П1.бр.14/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;
6. Предлог-Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2021 година;

Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка Предлог –Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот “Реконструкција и поврзување на постоечка фекална канализација во с.Возарци – Фекален колектор”
Кој е за? Има ли против и воздржани? Нема .19 за.
Констатирам дека е усвоен предлогот Дневниот ред да се дополни со точка

7. **Предлог –Одлука** за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот"Реконструкција и поврзување на постоечка фекална канализација во с.Возарци – Фекален колектор"

Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа во реализација на проектот„ Реконструкција на локален пат во село Бохула"

Има ли против и воздржани? Нема, 19 за.

Констатирам дека е усвоен предлогот Дневниот ред да се дополни со точка

8. Предлог-Одлука за сопствено учество на општина Кавадарци-Локална самоуправа во реализација на проектот„ Реконструкција на локален пат во село Бохула"

   Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка Предлог-Одлука За сопствено учество на општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот„ Поставување на фото—напонски панели на 10 Јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ од 19.2 kw/h"

   Дали има ли против и воздржани? Нема едногласни .

   Констатирам дека е усвоен предлогот Дневниот ред да се дополни со точка

9. Предлог-Одлука За сопствено учество на општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот„ Поставување на фото—напонски панели на 10 Јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ од 19.2 kw/h;
10. Предлог-Одлука за ко-финансирање на предлог-проект „Изградба на сервисна улица "1" и станбени улици "2", "3" и "4" во ДУП "Дисанска" во Општина Кавадарци" ;
11. Предлог-Одлука за донесување на Социјален План на Општина Кавадарци 2021-2024;
12. Предлог-Одлука за примање донација - Фотонапонска централа од Здружение на граѓани "РОТАРИ КЛУБ КАВАДАРЦИ" Кавадарци и давање на СОУ Киро Спанџов Брко" Кавадарци;
13. Предлог-Одлука за примање донација од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци ;
14. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација во Општина Кавадарци;
15. Функционална анализа во Општина Кавадарци;

16. Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година на ЈЗУ Општа Болница Кавадарци;
17. Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување);
18. Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување);
19. Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување);
20. Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување);

Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување);

Има ли против и воздржани? Нема.

Констатирам едногласна одлука предлогот Дневниот ред да се дополни со точка

21. Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување);
22. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисија за односи меѓу заедниците;
23. Годишен План со арх.бр.01-46/1 од 07.04.2021 година, за вработување на ЈОУ Локален вински музеј за Регион Тиквеш Кавадарци за 2021 година, донесен од Директорот на ЈОУ Локален вински музеј за Регион Тиквеш Кавадарци за 2021 година;
24. Годишен План со арх.бр.02-152/1 од 08.04.2021 година, за вработување на СОУ „Киро Спанџов Брко„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на СОУ „Киро Спанџов Брко„ Кавадарци за 2022 година;
25. Годишен План со арх.бр.01-77/1 од 16.04.2021 година ,за вработување на ООУМБУ„Лазо Мицев Рале„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ООУМБУ„Лазо Мицев Рале„ Кавадарци;
26. Годишен План со арх.бр.04-64/1 од 26.03.2021 година, за вработување на ООУ „Гоце Делчев „ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ООУ „Гоце Делчев „ Кавадарци за 2022 година;
27. Предлог-Одлука за давање согласност на измена и дополнување на Правилник за плати и други надоместоци на плата на вработените во ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
28. Предлог-Одлука со арх.бр.02-429/3 од 08.04.2021 година за давање согласност Правилник за плати и други надоместоци на плата на

вработените во МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

29. Предлог-Одлука со арх.бр.02-429/8 од 08.04.2021 година за давање согласност на Одлука за одобрување на продажба на основни средства, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
30. Извештај за редовното работење на ЈП„Мито Хаџи Василев –Јасмин„ Кавадарци за I -тромесечие од 2021 година донесен од Управен Одбор на ЈП„Мито Хаџи Василев –Јасмин„ Кавадарци;
31. Предлог-Одлука за давање согласност на измена и дополнување на Правилник за плата и други надоместоци на плата на вработените во ЈП„Мито Хаџи Василев –Јасмин„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈП„Мито Хаџи Василев –Јасмин„ Кавадарци ;
32. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;
33. Заклучок за задолжување на Спортска сала„Мито Хаџи Василев Јасмин„Кавадарци;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за давање согласност за потпишување на Анекс кон Договор за соработка бр.МК/SSIP 2.1.1.1/1, и учество на Општина Кавадарци за изградба на потпорен зид во рамки на детска градинка во Општина Кавадарци на ул„Ресавска„ ;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Дали има воздржани и против? Нема , едногласно 19 за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 34

Предлог-Одлука за давање согласност за потпишување на Анекс кон Договор за соработка бр.МК/SSIP 2.1.1.1/1, и учество на Општина Кавадарци за изградба на потпорен зид во рамки на детска градинка во Општина Кавадарци на ул„Ресавска„ ;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за давање во закуп на недвижни ствари на кп.бр.13709 КО Кавадарци во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање ;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли воздржани и против ? Не, едногласна одлука, 19 за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 35

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Проект за намалување на кучиња бездомници и грижа на животните, од Здружение за заштита на животните Шепи 2021 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли воздржани и против? Не .

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка **со** реден број 36Проект за намалување на кучиња бездомници и грижа на животните, од Здружение за заштита на животните Шепи 2021 година;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-измена и дополнување на Годишен План со арх.бр.04-234/1 од 27.04.2021 година за вработување за 2022 година на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци, донесен од Директорот на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ ;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли воздржани и против? Нема едногласно.

Предлог-измена и дополнување на Годишен План со арх.бр.04-234/1 од 27.04.2021 година за вработување за 2022 година на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци, донесен од Директорот на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ ;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-измена и дополнување на Годишен План со арх.бр.01-81/6 од 26.04.2021 година за вработување за 2022 година на ООУ„Страшо Пинџур „ Кавадарци донесен од Директорот на ООУ„Страшо Пинџур;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли против и воздржани? Не.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 38

Предлог-измена и дополнување на Годишен План со арх.бр.01-81/6 од 26.04.2021 година за вработување за 2022 година на ООУ„Страшо Пинџур „ Кавадарци донесен од Директорот на ООУ„Страшо Пинџур;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Одлука со арх.бр.02-104/6 од 26.01.2021 година за отпис на основни средства, донесена од Училишен одбор на СОУ..Киро Спанџов Брко„ Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли воздржани и против?Не.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 39

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Одлука со арх.02-121/4 од 23.04.2021 година за расход на основни средства – неупотребливи учебници во училиштето, донесена од Училишен одбор на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли воздржани и против? Не.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 40

Одлука со арх.02-121/4 од 23.04.2021 година за расход на основни средства – неупотребливи учебници во училиштето, донесена од Училишен одбор на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;

Дали има и други предлози за измена и дополнување на досегашниот изменет дневен ред.

Доколку нема ваквиот изменет Дневен ред го ставам на гласање. Има ли против и воздржани? Не . Дневниот ред е усвоен со 19 за.

Колеги преминуваме на Дневниот ред точка по точка .

1.Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година –Прв Квартал;

Отварам расправа. Дали некој бара збор?

БОЖАНКА МИНОВА:Почитуван Градоначалник,почитуван Претседател на Совет , почитувани колеги и медиуми сакам да дадам мал осврт кон оваа точка, која што се однесува на Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година со една мала забелешка дека во образложението на почетокот имаме Буџет на Општина Кавадарци за 2020 година е димензиониран на износ итн. претпоставувам дека е техничка грешка , бидејќи бројките сигурно се однесуваат за 2021 . Што се однесува до и затоа ќе ги искоментирам сметајќи дека сигурно е ова некоја техничка грешка, ќе се известат попосле нели службите . Во делот на приходите имаме реализација од 18,74% во првиот квартал, што не е многу, но не е ни малку, со оглед на состојбите кои што ги имаме во нашата општина, па и во државата и во целиот свет кои што нормално здраствените проблеми кои што ги имаме се рефлектираат и на сите сегменти на нашето живеење. Би сакала тука да потенцирам дека вака големиот процент кој што е реализиран во остварувањето на вкупните приходи по сите основи најмногу придонес има ставката , која што се однесува на приходи од даноци на имот 54,87 % кој што е навистина на завидно ниво и една голема благодарност до сите правни и физички лица, кои што си го оствариле своето законско право и со ова значително придонеле за приходите на Локалната Самоуправа.Што се однесува до расходите тие се 16,53 % , немам некоја споредба со 2020 за да може да се коментира , меѓутоа знаеме дека првиот Квартал обично се подготвуваат нели документациите , тендери , условите кои што, временските услови што исто така се пречка за реализација на градбите , сигурно сега ќе тече и побрзо, а и реализацијата ќе биде поголема . Гледам дека училиштата речиси и не почнале со изградбата на капиталните објекти . Се надевам дека во наредните квартали ќе се реализират бидејќи во основните 0% во средните 0,13% реализација . И сакам едно прашање во врска со средствата од образованието, кои што се однесуваат на греење, кои што се однесуваат на превоз дали тие се, кои што се заштеда бидејќи нели не функционираат училиштата како објекти, дали се планира некоја посебна намена за овие средства и доколку се планира моја препорака е да тие средства се наменат за подршка на наставниците со информатичката опрема која што би му ја олеснала работата бидејќи еден добар дел од наставниците навистина се снаоѓаат и со телефони, а е исклучително тешко. Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги дали друг колега бара збор? Ако не бара никој одиме со образложение, појаснување. Го замолуваме Градоначалникот ако сака да ни даде. Повели Градоначалниче .

ГРАДОНАЧАЛНИК:Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, почитувани вработени во Општина, почитувани јавност и

медиуми најнапред да ви посакам добро здравје. Благодарам за прашањето во врска со првиот Квартал од извршениот буџет за 2021 година во оној дел каде што е текстуално појаснато да станува збор за техничка грешка. 21 година е дизајниран износот на буџетот од 1 209 233 денари . Морам да ви кажам дека Општина Кавадарци праве месечен и кварателен план, не само за овој план кој што е поминат сега, него и за вториот квартал и за третиот и четвртиот дел на приходите за да може буџетот да го дооформиме така како што треба .Исто така на г-ѓата советничка Минова приходите кои што доаѓаат се повеќе од 50 % од данокот на имот , претежно од правни и физички лица кои што си ја оствариле својата законска регулатива и делумно од 20 година и делумно од 21 година , тука исто една благодарност до сите наши сограѓани, правни субјекти коишто нормално си ги остваруваат своите обврски према Општината . 18,7 % е поголем процент од ланската година на реализација од буџетот според споредбено со лани и е добар процент и ако продолжиме со ваква динамика тоа значи дека ние веќе ќе дојдиме над 84 % веќе реализација на буџетот. Морам да ви потенцирам и да ви кажам дека во вториот кваратал на буџетски приходи кои што ги очекуваме токму овие како што кажа советничката очекуваме поголеми приходи од комунална изградба, односно од плаќање на комунална такса за уредување на градежно земјиште, отуѓување делумно на градежно земјиште кое што го имаме претходно во делот на план и програма за градежно земјиште на Општина Кавадарци и нормално тука ни се нашите тековни работи кои што ги оствруваме како Општина . Во делот на образованието каде што имаме делумна заштеда по однос на греење по однос поголем на делот на трошење на средства за превоз на ученици кој што го неаме во моментов, ние на предходната седница нели донесивме ребаланс , со тија ребаланс за основните училишта е прилично поголем буџетот , некаде беше околу 20 000 000, морам да ви потенцирам, да ви кажам дека тие средства наменски, капитално ги пренаменивме и веќе тендерот го распишавме за една спортска сала во село Ваташа при училиштето Димката Ангелов Габерот Ваташа, тоа е 16 000 000 денара тендер кој што е во тек и во моментов е активен . Исто така во другиве училишта основни каде што беа побарани нивни реконструкции и делумни замени на инфраструктура, меѓутоа и на делови на потребите за самите наставници, тоалети, спортски објекти , подови, реконструкција на кровни конструкции, ние целокупно му удоволивме и тој буџет го распределивме сразмерно според потребите на училиштата, меѓутоа тука може да потенцирам и да кажам дека преку Министерството за Образование и наука веќе имаме аплицирано 4 проекти, поголеми значителни проекти, од кои што два се одобрени во првиот квартал на

Министерството преку Светска Банка и тоа за ОУ Пепето е одобрена комплетна реконструкција на кровот, тоа е некаде проект од 7 000 000 денари екстра од овие заштеди и за СОУ Ќиро Спанџов Брко е одобрена реконструкција на кровната површина и делумна реконструкција на внатрешната електро инсталација. Другите два проекти кои што ги имаме аплицирано е комплетна реконструкција во село Возарци на училиштето, во село Сопот има некоја делумна реконструкција и Страшо Пинџур Кавадарци каде што вооедно може да потенцирам и да кажам дека спортската сала преку МОН веќе е во отпочната фаза на градење, со некојаси сума од 21 000 000 денара, така да во вториот кваратал ќе ги видите сите бројки кои што се од заштеда на основни и средни училишта, ќе бидат реализирани комплетно капиталните и техничките услови на самите училишта . Во делот на детската заштита тука морам да ви потенцирам , мислам дека имаме и точка понатаки кадешто имаме дополнување во делот на улица Ресавска и на изградбата на новата градинка на улица Ресавска која што е со проектиран буџет од 52 000 000 денара, а е финансирана од Светска Банка преку Министерството за труд и социјална политика . Таа градинка треба да биде готова до месец август. Излезе заради партерните уредувања потреба од изградба на потпорен ѕид, по констатација на Министерството и заштедите од детската градинка кои што ги имаме, здрави , живи со точката која што доаѓа на дневен ред од 1 300 000 денари ќе ги намениме за изградба на тој потпорен ѕид за да го доуредиме партерното уредување, со тоа Кавадарци ќе добие уште една градинка целосно со над 150 деца, модерна градинка која што како локација ја очекуваме повеќе од 30 години . Сакам да потенцирам и да кажам дека исто во делот на училишната заштита на децата предучилиштата е аплицирана и градинка во село Дреново во постоечкиот Дом кој што го имаме за сместување на дечиња во еден дел пренамена, адаптација, реконструкција за детска градинка и во село Дреново, мислам дека тие проекти ќе поминат сите и поминати се виќе , така да јас лично како Градоначалник сум задоволен од реализацијата на буџетот во ова едно тешко време, во време на пандемија , во време кога ни беше и најтешко овие два месеци на Кавадарци , бевме погодени од поголем бран на лица кои беа загрозени од Ковидот, така да мисла дека во вториот буџет како што ни е планот да се поднесат повеѓе уредувања на градежни земјишта и очекувањата од инвеститорите што ги имат најавено дека буџетот ќе биде со над 40 % реализиран во вториот квартал, така да одиме во добар правец. Благодарам .

РИСТО САКАЛИЕВ:Благодариме Градоначалник за исцрпното и прецизно излагање . Колеги одиме со гласање на точка број 1 . Има ли воздржани и против? Нема, едногласна одлука за точка број 1 , 19 за.

2.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година;
Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор?Доколку никој не бара збор одиме со гласање . Има ли воздржани и против? Нема . Утврдуваме едногласна одлука, 19 за .
3.Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План УЕ7, дел од 7.1, Индустриска зона-Исток,КО Кавадарци вон град;
По ова точка отварам расправа. Колеги дали некој бара збор? Нема за збор, одиме со гласање. Има ли воздржани и против?Нема . Утврдуваме 19 за .
4.Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од блок 6.11, „Јасмин под стадион„ Кавадарци Општина Кавадарци – плански период 2020-2025;
Отварам расправа. Не бара никој збор, одиме со гласање. Воздржани и против? Нема , утврдуваме 19 за.
5.Предлог- Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет П1.бр.14/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;
Одиме со гласање. Воздржани и против ?Нема .Едногласни.
6.Предлог-Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2021 година;
Колеги дали некој бара збор?Ако не бара никој збор за граѓаните информација . Повели Градоначалниче.
ГРАДОНАЧАЛНИК:Благодарам. Значи со усвојувањето на оваа точка Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 21 година. Правилникот веќе го имаме , изгласан е , така да максималната сума за купување на велосипед и субвенции е до максимално 3000 денари или до 50 % од вредноста на велосипедот . Како и минативе години три, така и оваа имаме буџет од 300 000 денари , тоа е некаде отприлика за 100 велосипеди да субвенционираме, очекувам граѓаните да имаат интерес како и претходно да си купуваат велосипеди , поготово сега кога ја имаме и повеќенаменска патека до Моклиште и комплетно завршен е кејот , така да мислам дека рекреацијата и спортот треба да го подржуваме секогаш поготово во вакви денови на пандемија и во услови кога треба да имаме поздрав живот . Така да еве ова нека е повик за граѓаните нормално ние ќе го објавиме повикот и на нашите портали секаде за субвенционирање велосипеди и очекуваме овие средства граѓаните да ги искористат во целост и да ги исцрпат во делот на целокупниот износ кој

што го имаме од 300 000 денари и да потенцираме и да кажеме според Правилникот доколку аплицираат повеќе од 100 граѓани , каде што апликацијата е до 3000 денари во тој дел ќе се оде по Правилник со делот на лотарија. Така да до 100 апликации го имаме целокупно износот на сума за субвенции.Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ:Благодариме Градоначалник. Колеги одиме со гласање по точка број 6. Дали има воздржани и против ? Нема, утврдуваме едногласна одлука.

7.Предлог –Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа за реализација на проектот"Реконструкција и поврзување на постоечка фекална канализација во с.Возарци – Фекален колектор"

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор?Доколку не бара никој збор само за појаснување, молиме од администрацијата или Градоначалникот да повели.

ГРАДОНАЧАЛНИК:Благодарам Претседателе . Значи точка број 7 која што е на дневен ред е Предлог за проект кој што сакаме да го аплицираме за реконструкција и поврзување на постоечката фекална и канализациона мрежа во село Возарци, односно фекален коректор . Целокупната сума и проект на овој зафат изнесува 3 041 000 денар од кој што Општина Кавадарци преку Бирото за регионален развој ќе аплицира со 51 % кофинансирање од Општината односно 1 551 000 денар би дошле кофинансирање од Општината , а остатокот од 1 294 000 денари да биде учество на Бирото за регионален развој заедно со Плански Вардарски регион . Така да ова е проект кој што го имаме изработено да село Возарци си ја добие колекторската и канализационата мрежа од 3 000 000 денари и како што ги спонав процентите во делот на коофинансирањето заедно со Бирото за регионален развој. Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ:Благодариме Градоначалник . Колеги одиме со гласање по точка број 7.Има ли воздржани и против? Не. Констатираме едногласна одлука .

8.Предлог-Одлука за сопствено учество на општина Кавадарци-Локална самоуправа во реализација на проектот„ Реконструкција на локален пат во село Бохула"

Колеги отварам расправа.Дали некој бара збор? Доколку не бара никој збор даваме објаснување од страна на Градоначалникот. Повели Градоначалниче .

ГРАДОНАЧАЛНИК:Благодарам уште еднаш Претседателе . Со оваа одлука која што е на дневен ред за сопствено учество на Општина Кавадарци и Локална Самоуправа во реализација на проект „ Реконструкција на локален пат кон село Бохула и во село Бохула" . Станува збор за проект кој што го имаме изработено од 9 923 000 денари

со вклучен ДДВ. Проектот опфаќа реконструкција на локалниот пат од Чемерско до Бохула и во селото Бохула накај излез, накај село Радња со должина од 940 метри и ширина од 5 метри . Овој проект исто така ќе го аплицираме во Бирото за Регионален Развој каде што нашиот педлог према нив ќе биде Општина Кавадарци да е со износ од 5 061 000 денар , а остатокот да биде финансиран од Бирото за Регионален Развој од 4 862 000 денари. Со ова Општина Кавадарци крајно ќе ја заврши таа дестинација до село Бохула како што беше претходната реконструкција Ладно Долче – Крњево, значи проширување на патот од 5 метра и комплетно нов асфалт, поминувајќи и надвор од селото Бохула накај селото Радња. Благодарам..

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник. Колеги одиме со гласање по точка број 8 . Има ли воздржани и против? Нема. Констатирам едногласна одлука .

9.Предлог-Одлука за сопствено учество на општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот,, Поставување на фото—напонски панели на 10 Јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ од 19.2 kw/h;

Колеги отварам расправа по ова точка. Дали некој бара збор? Доколку не бара збор ќе го повикаме Градоначалникот да даде објаснување, јас малку се извинувам што го повикувам цело време, ама мислиме дека тој е најкомпетентен за таа работа .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Така Претседателе. Значи станува збор за Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална Самоуправа, во реализација на проект,, Поставување на фото—напонски панели на 10 јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќност од 19.2 kw/h по објект. Овде се опфатени 10 јавни институции вклучувајќи ги и образовните институции. Со овој проект ќе добијат сите основни и средни училишта сопствено производство на електрична енергија 19.2 kw/h односно значи дека преку ден и за време на сончевите денови наша анализа направена дека 80 % од потрошувачката на електрична енергија училиштата, Општината, Дом на културата, Музејот ќе добиваат бесплатна електрична енергија .Вкупната вредност на проектот е 8 345 000 со вклучен ДДВ. Предлог наш, учество на Општината е во износ од 4 256 000 денари , а остатокот од 4 090 000 денари да биде по апликација во Бирото за регионален развој. Со овој проект пак ќе потенцирам добиваме една зелена енергија, енергија по скоро 20 kw/h по институција јавна и голем бенефит за заштеда на средства и акумулирање на јавните институции. Благодарам .

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник. Одиме со гласање по оваа точка. Има ли воздржани и против? Не утврдуваме 19 за.

10.Предлог-Одлука за ко-финансирање на предлог-проект „Изградба на сервисна улица "1" и станбени улици "2", "3" и "4" во ДУП "Дисанска" во Општина Кавадарци" ;
Отварам расправа колеги .Дали некој бара збор? Доколку никој не бара збор ќе го замолиме Градоначалникот да даде објаснување за граѓаните . Повели Градоначалниче.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Одлука за ко-финансирањена Предлог- проект како што ви спомна Претседателот „Изградба на сервисна улица "1" и станбени улици "2", "3" и "4" во ДУП "Дисанска" станува збор за вкупна проценета вредност на предлог- проектот од 6 300 000 денари со вклучен ДДВ, средствата од 3 152 000 ќе бидат обезбедени наш предлог од Бирото за регионален развој , а Подпрограма за рамномерен регионален развој ставка 488 Капитални дотации, а остатокот од 3 125 000 да бидат земени од Буџетот на Општина Кавадарци за 21 година . Овие сите до сега што ги аплицииравме 4 предлози до Бирото за регионален развој, тоа се повиците кои што ги имаме на годишно ниво , така да мислам дека се добро разредени и ги исполнуваат условите според критериумите кои што ги има поставено Бирото за регионален развој, ко-финасирањата ги зимаме со 51 % да бидат од Општина Кавадарци за да имаме добро бодирање. Мислам дека треба да како проекти поминат во Бирото за регионален развој и Општина Кавадарци да ги реализира во идниот период. Благодарам.
РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник. Колеги одиме со гласање по точка број 10. Има ли воздржани и против?Нема, утврдуваме едногласна одлука.
11.Предлог-Одлука за донесување на Социјален План на Општина Кавадарци 2021-2024;
Отварам расправа. Колеги дали некој бара збор?
БОЖАНКА МИНОВА: Јас би сакала да го поздравам изготувањето на ваквиот документ Социјален План на Општина Кавадарци за 2021-2024 кој што е изготвен со исполнување по тоа што ја исполнува обврската на Општината која произлегува од Законот за социјална заштита . Многу добро е направено матирањето на социјалните проблеми на ранливите групи на локално ниво кое што многу јасно ни го трасира патот како да постапиме нели во наредните 4 години во решавање на веќе детектираните проблеми. Интересно е тука како бројка и ме загрижи дека имаме 910 лица над 26 години кои што се со нарушена здраствена состојба и се корисници на туѓа нега , можеби тука е потребна една анализа да се направи за каков тип на заболување станува збор и дали може нешто да се превземе како превентива како што велат подобро е да се спречи отколку да се лечи, нели тоа во соработка во здраствените

институции. Исто така ја детектирав бројката на стари лица која што со пописот од 2002 година се регистрирани 2365 лица над 65 години, а додека оваа година со изготвувањето на документот со податоци од ПИОМ и од Здружението на пензионери е детектирана бројка од 6500 лица над 65 години што е значително зголемен број и се дефинира како демографско стареење, меѓутоа прашање е каква е таа бројка споредбено со 2002 година на вкупниот број на население и сегашната состојба на вкупниот број на население и од тука може јасно да се види потребата од реализација на пописот , што побрзо да се реализира бидејќи ова е само еден сегмент каде што може да се забележи каква е потребата од изготвување од реализацијата на пописот . Притоа од ова е детектирано дека имаме 64 изнемоштени лица кои што имаат потреба од помош, кои што не можат квалитетно и самостојно и ова ја потикнува потребата од правење на Дом за стари лица, кои што во Кавадарци не постои нели , имаме тука во регионот , во Неготино,меѓутоа тој знаеме дека е недостапен за сите заради енормно високите суми, затоа тука може да се размислува да во натамошните планирања на Локална Самоуправа да како приоритет да се стави изградбата на Дом за стари лица , па дури може да се размислува и со јавно – приватно партнерство каде што Локалната Самоуправа би учествувала со доделување на земјиште, ослободување од комуналии и повеќе работи на субвенционирање на одредени услуги на тие лица што би ја намалило цената на чинењето и Домот би станал достапен за нели пошироката популација и би се зголемил значително кавалитетот на живеењето на старите лица, изнемоштени лица. Друго што констатирав разгледувајќи го нели документот, во Центарот за социјална работа се детектирани 278 лица со попреченост , неспорно е дека МОН, дека МТСП , Локална Самоуправа прават значителни напори за да му помогнат на овие лица , меѓутоа нели велиме секогаш дека не е доволно . Секогаш треба да направиме нешто повеќе. Еве МОН го донесе овој Законот за инклузија на учениците , па имаме формирање на ресурсни центри, центри за подршка, реализација на проекти како што е потенциран Проектот за асистивна технологија во постоечка сензорска соба, проект на Локална Самоуправа, финансирано од Швајцарската Развојна Агенција УНДП, реализација на проектот Релоакт , каде што се ангажирани образовни асистенти за деца со аутистичен спектар. Тука прашањето ми е дали овие проекти се сеуште одржливи, бидејќи целта на проектот е и кога ќе заврши значи да таа активност продолжи понатаму да се создат услови за нивно понатамошно функционирање. На понатаму може да се размислува и за повеќе ангажирање на образовни асистенти, кои што ќе му бидат подршка на ваквите лица, кои што ќе ги водат низ образовниот процес и тука ќе му помогнат во учењето, во изборот на

својата струка согласно со нивните нели можности и способности за да може да стекнат вештини од кои после си го нашле и своето место и во заедницата и ќе си обезбедат своја егзистенција . Тука кога станува збор за образовни асистенти може Локалната Самоуправа да даде подршка . Исто така Локалната Самоуправа може да конкурира и во МТСП. Таму има повик според член 140 од Законот за социјална заштита, секоја година има повик на кој што може Општината да конкурира со свои проекти од ваков тип. Еве една сугестија и кога зборуваме за вработувањето на овие лица , кога го допревме и ова прашање , добро е да јавните институции во своите планирања, гледаме имаме планирања за вработување, да направат напори да може да вработат и вакви лица, барем по едно, две во институциите , како што е ЈП Комуналец, како што се Паркинзи и сл. , таму каде што можат да одговорат овие лица со своите можности и способности и вештини.Толку имам и за поздравување е ваквиот документ. Ви благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме колешке. Дали друг колега бара збор?Доколку колегите не барат збор, Градоначалникот побара збор за некое негово појаснување и негово видување . Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани како што и колешката советничка Минова кажа дека за поздравување е овој План за социјалните потреби и услуги, јас морам само да потенцирам и да кажам дека Општина Кавадарци активно работи на проблематиката во делот на социјално загрозените семејства, за луѓето со попреченост и целокупната работа, меѓутоа морам да потенцирам и да кажам дека заедно со Владата и со МТСП и ПО во Кавадарци имаме одлична соработка со неколку веќе направени состаноци заедно со Министерката, со Владата и со нашата подрачна единица, меѓутоа и со Здружението на пензионери . Општина Кавадарци е во фаза на донесување на Урбанистички Детален план во дел кај споменикот Ќиро Крстев односно во склоп на новиот парк кој што го градиме, веднаш до него имаме парцела од 3500 м2 предвидена со Генерален План за колективно домување за изнемоштени или за стари лица. Деталниот план би требало да биде завршен по моја општа проценка за 3-4 месеци , после тоа заедно со МТСП договараме да се вклучат и пензионерите со нивно учество и таму да направиме едно колективно домување односно сместување на лица , Дом за стари лица кој што ќе биде преземен од МТСП со ко-финансирање, да не биде на приватна иницијатива и начелно до сега разговорите водат да Општина Кавадарци формира Јавно претпријатие кое што ќе го изграде Домот и ќе го опреми комплетно , тоа би било за отприлика 50-60 лица според анализите кои што ги имаме направено за Кавадарци и регионот и вработи нормално соодветен персонал, кадар и лекарски тим, а МТСП го ко-финасира делот

кој што ќе перципираат пензионерите до остатокот за да може да биде тој Дом или тоа Јавно претпријатие во делот на профитабилноста, односно да биде одржливо. Во склоп на тој објект пензионерите со нивни средства кои што веќе ги имаат обезбедено како средства, ќе им се овозможи да си направат занимална за дневни потреби , административен дел и неколку сали за состаноци и за нивните потреби од дневна основа заедно со кафетерија , со некое ресторанче , така да Домот би бил во склоп со тој објект кадешто и луѓето сместени кои се во добра ситуација би имале дружба со оние пензионери кои што се од надвор. Исто така Општина Кавадарци аплицира со проект од вредност од скоро 600 000 евра МТСП, веќе постапката на земјиштето кое што требаше да го трансформираме завршена е. Станува збор за локација над Брза помош или Здраствениот Дом во Општина Кавадарци, на празна парцела , која што во моментов е тампонирана и се користи како некаков паркинг. Таму имаме изготовено проект, целокупен за деца со попреченост од една година па до максимална воздраст на луѓе за потреба според критериуми и правилници . Тој проект е изготвен врз основа на европски стандарди со инклузивност , со комплетна опрема и со селекција на децата според нивната воздраст и токму ова што го збореше советничката да можат децата да бидат селектирани според воздраст, според нивните потреби за инклузивност и вежби кои што треба да ги поседуваат да можеме максималното нешто да го извлечиме од тие дечиња , луѓе , за да можеме да ги вклопиме во понатамошното функционирање на општеството, дали е во јавни претпријатија , приватни компании и било каде, така да во тиа два сегмента веќе од пред година дена се аплицирани и ги работиме, очекувам да бидат одобрени и нормално Општината 21 на крај или 22 ги земе во работа и морам да ви потенцирам уште една работа , тоа ќе биде за наредниот совет кој што веројатно ќе стигниме да ви го доставиме како советници во делот на Црвен Крст на Општина Кавадарци . Општина Кавадарци има имот , тоа е една барака руинирана, од површина некаде околу 240 м2 заедно споена со делот на Црвен Крст . Таму правиме проект во моментов, да направиме 6 апартмани, односно комплетна реконструкција на тие 240 м2, комплетна реконструкција на фасадниот дел и на Црвен Крст и добиеме 6 апартмани во сопственост на Општина Кавадарци, нормално тие апартмани би се издавале на времено користење на луѓе од Општина Кавадарци при потребите според правилници , не дај боже при елементарни непогоди, поплава, пожари, индивидуален, семејни насилства или било каква друга потреба според правилник, значи Општината ќе има 6 апартмани за згрижување и сместување на такви лица, која што верувајте дека е неопходна потреба , пошто се соочуваме многу со такви ситуации поготово во немили настани

од било кој аспект , така да социјалата Општина Кавадарци ја дига на повисоко ниво , знаете и за проектот кој што го добивме од 12 000 000 денари преку Црвен Крст кој што го спроведуваме за помагањето и активноста на луѓе, изнемоштени, воздрасни, стари луѓе кои што живеат и за ангажирањето на 20 волонтери , така да тоа е проект од 2 години кој ќе води и сме една од четирите општини кои што го доби проектот. Благодариме .

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник. Колеги одиме со гласање по точка со реден број 11. Дали има воздржани и против? Нема, утврдуваме 19 за.

12.Предлог-Одлука за примање донација - Фотонапонска централа од Здружение на граѓани "РОТАРИ КЛУБ КАВАДАРЦИ" Кавадарци и давање на СОУ Киро Спанџов Брко" Кавадарци;

Колеги отварам расправа.Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање. Воздржани и против нема . Едногласно 19 за. Од мое име и од името на Советот да упатиме благодарност кон Ротари Клуб. Истото сега ќе го упатам и по сите други точки, до сите донатори да не ги читам поединечно на секоја точка , да им се заблагодарувам. Значи на секоја седница по донаторите може да дадеме само пофални зборови и да им бидеме благодарни.

13.Предлог-Одлука за примање донација од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци ;

Отварам расправа. Не бара никој збор точката ја ставам на гласање . Воздржани и против нема , 19 за . Благодариме на менаџерскиот тим на Кожувчанка за редовното донирање. На секоја седница по една , две донации ни упатуваат и нас и пошироко во Балканот. Се сеќаме дека тие дадоа донација во Хрватска, кога им беше најтешко и една повисока донација, голема донација..

14.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација вио Општина Кавадарци;

Колеги отварам расправа . Дали некој бара збор? Не бара никој , ја ставам точката на гласање. Воздржани и против дали има? Нема едногласна одлука.

15.Функционална анализа во Општина Кавадарци;

Давам збор на колегите кој сака? Не бара никој, ја ставаме на гласање . Воздржани и против нема. Едногласна одлука 19 за.

16.Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година на ЈЗУ Општа Болница Кавадарци;

Отварам расправа. Се надевам дека никој не бара збор. Појаснување Градоначалниче да ве замолиме . Ајде Повели.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Така. Како што и сами знаете во овој момент, на оваа пандемија на Ковидот најмногу се засегнати болниците, здраствените работници, лекарите и сите оние кои што технички и логистички ја подржуваат оваа здраствена епидемија или пандемија. Општина Кавадарци секоја година по ред ја помага Општата Болница со проширена дејност во Кавадарци. Оваа година има 1 500 000 денари обезбедено буџет и на барање на болницата ние сега ги одобруваме како Совет да поминат да може да ги исплатиме, меѓутоа сакам да потенцирам и да изразам голема, голема благодарност за досегашното функционирање на самата болница, поготово на компаниите од Кавадарци, јас и би ги спомнал неколку компании кои што редовно, секојдневно што се вика се во комуникација со болницата и на барање на директорот досега секогаш испаднале во пресрет , дали тоа е технички, финансиски или материјално. Тоа се:ИГМ Трејд Дрекселмајер, Фени Индустри, Градба Промет, Кожувчанка и други компании кои што помагаат секојдневно во делот на потребите на болницата и за тоа овие средства досега не беа потребни на болницата, меѓутоа сега еве се јави потреба за нивно активирање и нормално распоредување според Управниот Одбор на самата болница. Сакам да потенцирам и да кажам дека во моментот бројките во Општата болница ни се добри, кога ќе речам добри , далеку од добри , меѓутоа , далеку многу подобро од тоа што беа пред 2 или 3 недели. Имаме само 42 пациенти сместено од максимално кога се искачивме и на 80. 42 пациенти дај Боже да продолжиме со таа тенденција и да потенцирам и да кажам ја имаме точката понатаки како Заклучок за Спортскиот Центар Јасмин дека од нареден вторник, после нашиот голем христијански празник Велигден, ќе почниме со масовна вакцинација, регионална во Кавадарци. Општина Кавадарци заедно со Општата Болница и со Министерството за здраство , пред се доби чест и задоволство како Општина да биде домаќин на регионална вакцинација за цел регион јужен, централнојужен регион да го речиме и тоа за: Општината Велес, Општината Градско, Росоман, Неготино, Демир Капија , Валандаво, Дојран , Гевгелија и Кавадарци да целата вакцинација биде во Општина Кавадарци и тоа биде во Спортската сала Јасмин . Општина Кавадарци со донациски средства до четврток ќе ја комплетно опреми Спортската сала со 20 пункта за вакцинација, со инфраструктура во делот на мрежа, компјутери, столчиња, пунктови и се она што барат по протокол. Очекуваме вакцините да стигнат понеделник, на сам ден , втор ден Велигден и од вторник вакцинацијата да почне . Ова нека биде и повик до сите жители на Општина Кавадарци за оваа масовна вакцинација да се пријават на сајтот на Министерството за здраство, на вакцини.мк односно електронско пријавување, нормално спрема сопствените прилики го овозможат и односно го употребат и да имаат

можност да бидат вакцинирани. При апликацијата треба да се одбере само регионална вакцинација Кавадарци. Така да еве еден повик и апел до сите граѓани без разлика од возрасната група, сите полнолетни граѓани што имаат намера и мислење дека треба да се вакцинираат,, да се аплицира за да можеме да ја искористиме оваа прилика да бидеме вакцинирани, така да еве јас лично се пријавив на таа апликација за вакцинација и очекувам да бидам повикан кога ќе дојде времето да бидам вакциниран, затоа што вакцината е таа која ќе не заштити да не завршиме во болница, а незавршувањето во болница, растеретувањето на болничкиот систем , растеретувањето на Фондот за здравство и наше нормално функционирање во општеството и иднината која што треба да ја градиме за нашите деца и најмили.Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалниче. Колеги одиме со гласање по точка број 16. Има ли воздржани и против? Не , едногласни сме 19 за .

17.Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување);

Одиме со гласање . 19 за.

18.Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување);

Одиме со гласање . Воздржани и против нема . 19 за.

19.Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување);

Давам на гласање. Нема воздржани, нема против, 19 за .

20.Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување);

Одиме со гласање. Нема воздржани, нема против, 19 за.

21.Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување);

Одиме со гласање. Воздржани и против нема , 19 за .

22.Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисија за односи меѓу заедниците;

Да го повикаме ако не бара никој збор Претседателот на мандатната Комисија да ги прочита.

ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА: На вчерашната седница на Комисијата за мандатни прашања како предлог членови за формирање на Комисија за односи меѓу заедниците се следниве членови . Да напоменам само дека Комисијата е составена од советници, од членови на владини и невладини организации кои од наши сограѓани кои се од друга етничка припадност. Како предлог членови за Комисија за односи меѓу верските заедници се следниве членови Виолета Димитрова, Јосиф Стојанов, Мирјана Гркова ,

Весна Ѓорѓиева , Горица Пеливанова-Вилхем , Цветанка Камчева, Ѓорѓи Нанчев , Амет Фазлиу и Сунита Бајрами. Со напомена дека Комисијата за за односи меѓу верските зедници изготви своја Програма и Акционен План за работа дека ќе продолжи и ќе го развива интеркуртурализмот во Општина Кавадарци , ќе учествувам во многубројните меѓународни и невладини проекти. Им посакувам многу успех во понатамошната работа.
РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме колешке . Одиме со гласање. Воздржани и против дали има? Не, 19 за Нека им е со среќа на членовите и бараме од нив што подобри резултати.
23.Годишен План со арх.бр.01-46/1 од 07.04.2021 година, за вработување на ЈОУ Локален вински музеј за Регион Тиквеш Кавадарци за 2021 година, донесен од Директорот на ЈОУ Локален вински музеј за Регион Тиквеш Кавадарци за 2021 година;
Отварам расправа.Дали некој бара збор? Нема за збор, одиме со гласање. Има ли воздржани и против? Нема, едногласна одлука .
24.Годишен План со арх.бр.02-152/1 од 08.04.2021 година, за вработување на СОУ „Киро Спанџов Брко„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на СОУ „Киро Спанџов Брко„ Кавадарци за 2022 година;
Отварам расправа. Не бара никој збор, ја ставам точката на гласање . Воздржани и против дали има? Не едногласна одлука ,19 за.
25.Годишен План со арх.бр.01-77/1 од 16.04.2021 година ,за вработување на ООУМБУ„Лазо Мицев Рале„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ООУМБУ„Лазо Мицев Рале„ Кавадарци;
Отварам расправа. Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање. Има ли воздржани и против? Нема едногласни во одлуката.
26.Годишен План со арх.бр.04-64/1 од 26.03.2021 година, за вработување на ООУ „Гоце Делчев „ Кавадарци за 2022 година, донесен од Директорот на ООУ „Гоце Делчев „ Кавадарци за 2022 година;
Отварам расправа. Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање. Нема воздржани и против. Едногласна одлука .
27.Предлог-Одлука за давање согласност на измена и дополнување на Правилник за плати и други надоместоци на плата на вработените во ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор?
ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Благодарам Претседателе. Почитуван Градоначалниче, почитуван Претседателе, колеги советници . Вака прво пред да почнам , да му честитам празникот Велигден на сите православни христијани во Општина Кавадарци, на сите граѓани на Општина Кавадарци од муслиманска вероисповед да му го честитам Рамазан Бајрам . Вака многу сум среќен кога има вакви точки на Совет на Општина

Кавадрци . Покачување на платите на работниците во ЈП Комуналец. Покачувањето мислам дека ќе биде негде околу 10%, значително покачување. Мислам дека 2018 година се направи исто вакво покачување и сега . Да не биде само дека нешто негативно зборујме за Комуналец за овие 3 ,5 години, 4 колку што е овој Совет, овој Градоначалник и Директорот се направи за ЈП Комуналец многу голема работа, мислам дека Директорот кога стапи на функција општиот работник зимаше негде 13-14 000 денари плата, сега тоа е покачено. Од сите контакти што ги имам јас со вработените на Комуналец, луѓето се задоволни , јас мислам дека Градоначалникот нема да застане и наредниот Градоначалник што ќе дојде кој и да биде, мислам дека нема да застанат тука, континуирано ќе му се покачуваат платите на општите работници во Комуналец. Едно да ни биде јасно и граѓаните на Кавадарци тоа го приметуваат дека ЈП Комуналец има зголемена активност, градот е чист . Тоа може ние и како Кавадарчани го приметуваме и не ногу, али у контакти со луѓе шо доаѓаат од страна е забележително, градот се чисте , дека Комуналец работе итн. Само за информација на вработените на ЈП Комуналец мислам дека ова покачување ќе биде од техничар па до општ работник . Еве у мое име да му се заблагодарам и на Градоначалникот , и на Советот , на Директорот на Комуналец за ова покачување ја мислам дека убава велигденска порака и честитка ќе му пратиме на сите вработени на Комуналец итн. Благодарам многу.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме колега. Дали друг колега бара збор? Доколку не бара никој збор, колега Туриманџов јас да ти честитам тебе, ти беше упорен во ова твое барање и дојде до реализација, некогаш и се напаѓаме али сега добрите работи ги пофалуваме , да дадеме збор и на Градоначалникот да даде и негово видување околу ова работа за која е и иницијатор и главен виновник за сета работа .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани јас пред да земам збор во делот на подигањето на бодовите односно покачувањето на платата во Општина Кавадарци би сумирал само едно мало видување во делот на ЈП Комуналец и во делот на функционирањето на овој Совет во ова 3,5 годишно работење и јас како Градоначалник , нормално и службите од Општина Кавадарци и јавното претпријатие. Јас сум пресреќен и презадоволен пред се што како Градоначалник првпат сум на оваа јавна функција, верувам и некои и како советници тука се првпат на јавна функцијаи пред се имаме една заедничка сплотеност во делот кога станува збор за доброто на Општина Кавадарци . Среќен Градоначалник кој што во овие 3, 5 години функционира со еден ваков Совет , кој што разумно, објективно ги гледа работите кога станува збор во интерес на град Кавадарци и на граѓаните на град Кавадарци во однос на сите жители што ги имаме во Општината .

ЈП Комуналец го затекнавме со една прилично добра кондиционона финансова кондиција , меѓутоа една лоша организација во делот на самите вработени во делот на дел од раководните лица . ЈП Комуналец го затекнавме со вкупни приходи од 170 000 000 денари , сега Јавното претпријатие, во оваа 21 година предвидени вкупни приходи се 240 000 000 денари . Тоа станува збор за 80 000 000 денари плус приходи на ЈП Комуналец. Не е измислена топла вода , станува збор за, благодарение на Владата и на разбирањето на тогашниот Вице Премиер Кочо Анѓушев заедно со Премиерот Заев да ни дадат фитинг тарифа за постоечките централи , а тоа се негде околу 30 000 000 денари и Општина Кавадарци драстично го подигна подржувањето на јавните зеленила , јавната хигиена , износ на смет во општината , со тоа што од некои 7 000 000 денари кои што ги имаше приход јавното претпријатие, сега има над 40 000 000 денари само од Општина Кавадарци. Морам да потенцирам и да кажам не постое место во Општина Кавадарци, вклучувајќи ги и планинските , ридски села од Бошавијата, во делот на ниските приградски села, каде што го изнесуваме на комуналниот отпад според план и програма, се набави многу опрема , се отпочнува со изградба на петта минихидро централа благодарение на вас советниците, која што претходната одлука за ЈПП ја поништивме , петтата хидроцентрала ќе биде сопственост на ЈП Комуналец и најмногу заслуга на сите раководители, на чело со Директорот на ЈП, заедно со Мој Општинар и службите од Општина Кавадарци, кои што се вклучија во уредувањето и подобрувањето на условите и хигиената во Општина Кавадарци. Морам лично да се забрагодарам од прв до последен вработен на ЈП, на Директорот, на Мој Општинар, на сите служби кои се активно вклучени во таа работа , дека нашата иницијатива како Совет , амбиции како Градоначалник и желба ја прифатија најмногу тие вработени во јавното претпријатие, беа активни во сите Ковид мерки за спречување и справување со нив од 2018 година . За крај кога дојдовме како Совет и како Градоначалник да ја подигнавме платата за некои 8-8,5 %, сега ја дигаме за 10 % од месец мај , значи од 1 –ви мај платата ќе им биде покачена, регрес зимаат годишен сите вработени во ЈП Комуналец , меѓутоа ова покачување значи од ниво техничар па надолу до општ работник во јавното претпријатие. Ја би сакал за 2 години ова јавно претпријатие да го видам на многу повисоко ниво, со многу подобри плати , со иновативни програми за работа , кои што веќе ги спремаме , здрави живи за наредниот мандат и во делот на претпријатието да направиме олеснување на функционирањето на дневна основа . Тоа ќе го слушните и на наредните седници на Совет, правиме физибилити студија за поставување полуподземни контејнери , на подземни контејнери каде што драстично ќе му се олесни исфрлањето

на смет на работниците во Комуналец, на сите вработени , механизацијата ќе се модернизира , редовно се обновува возниот парк и верувајте дека во цела Република можам слободно да кажам имаме едно од најдобрите претпријатија на ниво држава . Тоа е благодарение на она што ние и нашите претходници, а и вие понатаки добро ќе се справуваат со менаџирањето на работењето на претпријатието . Нека им е со среќа покачувањето , да ги користат за добро средствава и да успееме оваа пандемија да помине и да уште еднаш направиме покачување до крајот на годината , доколку биде се во нормален ред, за тоа што како што кажа и Туриманџов кога дојдовме платите беа на некое минимално ниво 13-14 000 денари , сега мислам веќе дека под 20 или 19 000 денари нема да има плата , меѓутоа и за работниците кои што го исфрлуваат сметот на дневна основа комунален, ние веќе овозможивме со правилници да имаат бенифициран стаж, така да сите права и обврски кои им следуваат , ќе гледаме до максимална граница да ги потикниме да бидат на највисоко ниво и ова ја би го земал вака за крај како заслуга на целокупниот Совет и како Градоначалник заедно со вас советниците на исто ниво , така да ова се реални работи , ова не е политика, не е популизам, него е заслужна работа на сите вработени во Комуналец . Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник. Колеги одиме со гласање по точка број 27. Нема воздржани, нема против, 19 за точка број 27 за покачувањето на платата на вработените во Комуналец.

28.Предлог-Одлука со арх.бр.02-429/3 од 08.04.2021 година за давање согласност Правилник за плати и други надоместоци на плата на вработените во МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Ја искоментиравме и образложивме и оваа точка . Дали некој од колегите бара збор? Доколку не бара ја ставам на гласање. Нема воздржани, нема против, 19 за .

29.Предлог-Одлука со арх.бр.02-429/8 од 08.04.2021 година за давање согласност на Одлука за одобрување на продажба на основни средства, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор?Не бара никој, одиме со гласање. Има ли воздржани и против? Нема, 19 за .

30..Извештај за редовното работење на ЈП,,Мито Хаџи Василев –Јасмин,, Кавадарци за I -тромесечие од 2021 година донесен од Управен Одбор на ЈП,,Мито Хаџи Василев –Јасмин,, Кавадарци;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој , одиме со гласање. Воздржани и против нема . 19 за.

31.Предлог-Одлука за давање согласност на измена и дополнување на Правилник за плата и други надоместоци на плата на вработените во

ЈП,,Мито Хаџи Василев –Јасмин,, Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈП,,Мито Хаџи Василев –Јасмин,, Кавадарци ;

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој, одиме со гласање. Има ли воздржани и против ? Нема, 19 за.

Истата работа исто Комуналец , истото и за Јасмин. Значи ова е за поздравување. Благодарност на Градоначалникот и советниците, веројатно ќе стигне од вработените во овие институции.

32.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

Отварам расправа. Дали некој колеги бара збор? Не бара никој . Одиме со гласање . Воздржани и против нема. Утврдуваме 19 за.

33.Заклучок за задолжување на Спортска сала,,Мито Хаџи Василев Јасмин,,Кавадарци;

Ова Градоначалникот во претходните точки го објасни. Значи спортската сала Јасмин со сите свои капацитети и вработените на максимално ниво ќе даде подршка во престојниот период од 2 месеци , таа ќе помине во Ковид болница, подршката стигна од граѓанскиот секторот, од Локалната, од високата горе централна власт да бидеме тука вакцинирани во Кавадарци , повик даде Градоначалникот за да посакаме да стигне вакцината за нас.Оваа инцијатива излезе од Градоначалникот , ние му се заблагодаруваме и го поздравуваме ваквиот гест . Значи одиме со заклучокот . Колеги одиме со гласање за овој Заклучок. 19 за.

34.Предлог-Одлука за давање согласност за потпишување на Анекс кон Договор за соработка бр.МК/SSIP 2.1.1.1/1, и учество на Општина Кавадарци за изградба на потпорен зид во рамки на детска градинка во Општина Кавадарци на ул,,Ресавска,, ;

И оваа точка е објаснета. Дали некој бара нешто дополнително од колегите за збор? Не, одиме со гласање. Воздржани и против нема. Утврдуваме 19 за.

35.

36Проект за намалување на кучиња бездомници и грижа на животните, од Здружение за заштита на животните Шепи 2021 година;

намалување на кучиња бездомници и грижа на животните го работиме повеќе од 7 месеци активно, заедно со наши луѓе од Општината, меѓутоа и со луѓе од Здружението Шепи и луѓе приврзаници и стручни, компетентни луѓе за оваа ситуација . Сами знаете дека со нашето доаѓање и функционирање ние дека преку ЈП Комуналец имаме Програма за уловување,кастрирање и чипирање на кучиња , животни и бездомници. Меѓутоа тоа воопшто не е доволно,затоа што гледаме каква е ситуацијата во Кавадарци, во градот, поготово има моменти кога има глутница од кучиња или други животни, кои што и покрај тоа што се чипирани и кастрирани, за

некои луѓе претставуваат некаква опасност. Овој проект како Општина ќе го подржиме до крајот на годината до 30.12 во неколку сегменти и тоа нема да биде крајната цел, него ќе биде почеток на правење на програма, проект, план за стационар за згрижување , стационар за домување и за отуѓување на некој начин посвојување на самите кучиња. Во овој проект кој што е пред вас е под 1. Опис на миленичиња. Општина Кавадарци заедно со Здружението Шепи и вработените од Локална Самоуправа, заедно со Мој Општинар ќе се потрудат и ќе бидат задолжени до 30. 12 да направат попис на сите миленици во Општина Кавадарци. Што значи тоа? Тоа значи дека екипи и тимови претходно споменативе луѓе од Општина Кавадарци ќе одат на лице место по куќи, домови, да ги регистрираат кучињата кои што сопствениците ги одгледуваат . Тоа ќе значи малтене еден попис на миленичињата, ставање на лично досие, на лична карта на секое милениче , односно секое милениче ќе биде сликано, ќе биде евидентирано по сопственик и ќе биде евидентирана неговата воздраст , нормално на која сорта припаѓа итн. Поставување на 10 -20 комплетни табли и корпи за отпадоци на измет и потреби за миленичињата . Тие ќе бидат изработени и обезбедени од донација од ЈП Комуналец, ќе поставиме табли и корпи на 10, односно 20 комплети корпи и табли, на 10 локации каде што ќе можат луѓето кои ќе си ги шетаат нивните миленичиња , имаат табли и својот измет од ммиленичињата да го фрлаат на соодветно место. Ќе имаме бесплатни ваучери за стерилизација, значи сакаме да во ова вклучиме некаде околу 35 ваучери да дадиме за кучиња, а една кастрација на куче кое што е 2800 денари, нормално за ова Комисијата ќе изготве План и Правилник, прво да ги опфатиме бездомните кучиња, а оние што си имаат сопственици, да сопственикот си има обврска да си плати и за мache 20 ваучери од по 2500 денари , тоа е таа цена која што ја имаме добиено од ветеринарските институции, за кастрација 2500 по 20 ваучера околу 50 000 денари, со тоа сакаме да ја потикнеме свеста и моралот на луѓето за кастрација на нивните миленичиња, за нестварање на непродуктивност, односно стварање на миленичиња кои што ќе бидат исфрлени надвор и ќе бидат на некој начин кучиња незгрижени или мачиња, ќе заангажираме едно лице на предлог на Здружението Шепи, во период од времетраење од 8 месеци со хонорарен износ на месечно ниво за негов надомест кај што оваа работа ќе ја кординира и ќе работи на проектот за стационар и изградба на понатамошен стационар во делот на Општина Кавадарци и последно оваа целокупна емисија заедно со овој хонорарец кој што го имаме тука веќе имаат поизготвено некои работи, ќе изготват проект за изградба на две игралишта за миленици, изработка од ЈП Комуналец или со средства обезбедени од донација, локациите мислам дека се веќе утврдени двете локации , едната да биде во новиот центар, а другата да биде блиску до Градскиот Парк каде што

ќе бидат на површина одредена според проект за поставување на урбана опрема и ќе биде направено 2 игралишта за миленици, така да тука средства не предвидуваме, тоа ќе биде делумно помагање од ЈП Комуналец и обезбедени средства од донација. Целокупниот буџет за ова сето што го зборевме е 308 000 000 денари за овие 8 месеци каде што мислам дека ќе добиеме целокупна слика за сите и згрижени,, меѓутоа и незгрижени животни во делот на кучиња и мачки. Благодарам.
РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник. Колеги одиме со гласање по точка број 36. Има ли воздржани и против? Нема , едногласно.

Предлог-измена и дополнување на Годишен План со арх.бр.04-234/1 од 27.04.2021 година за вработување за 2022 година на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци, донесен од Директорот на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ ;

38.Предлог-измена и дополнување на Годишен План со арх.бр.01-81/6 од 26.04.2021 година за вработување за 2022 година на ООУ„Страшо Пинџур „ Кавадарци донесен од Директорот на ООУ„Страшо Пинџур;
Колеги отварам расправа и по оваа точка. Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање.Воздржани и против нема . Едногласна одлука.
39.Отварам расправа.Не бара никој збор. Точката ја ставам на гласање. 19 за.
40.Одлука со арх.02-121/4 од 23.04.2021 година за расход на основни средства – неупотребливи учебници во училиштето, донесена од Училишен одбор на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;
Отварам расправа. Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање. 19 за.
Колеги со ова е исцрпен Дневниот ред . Од мое име и од име на Советот на граѓаните на град Кавадарци им посакувам убави Велигденски празници.Градоначалниче дали вие исто сакате да порачате.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Па јас прво сакам да се заблагодарам на советниците за денешниот одржан Совет, за нивната транспарентност и објективност и вам Претседателе нормално . Јас веќе ќе и се обратам на граѓаните со официјална честитка, меѓутоа за да го заокружиме овој совет . Еве нека ни е честит престојниот празник што ни доаѓа и Велики Петок , Христовото Воскресение Велигден , нормално тука сега ни се поклопуваат и празникот Рамазан Бајрам кој што го имаме за Муслиманите со муслиманска вероисповед, така да мислам дека не очекува убав период пред нас , еден продолжен викенд и еве едно мало олабавување од мерките преку Министер за зарасни болести на предлог нивен па до Владата , нормално тоа да не биде олабавување , максимално да си ги пак штитиме своите потреби од Ковид 19, да не се опуштаме , да си поминеме убаво за празнициве кои што се еден од најголем хритијански празник и еве и муслимански . Благодарам уште еднаш и се гледаме за убаво.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги советници ја прогласувам седницата за затворена.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Ристо Сакалиев